# Авансни плаќања



## Што е тоа Авансно плаќање?

Ако добиете плаќање за социјално осигурување или Family Tax Benefit Part A, може да ви следува дел од вашето двонеделно плаќање да го добиете однапред како еднократен износ. **Вие не треба да го известите Centrelink зошто ви е потребно авансно плаќање**. Авансните плаќања мора да бидат вратени и правилата за добивање на авансни плаќања зависат од видот и износот на плаќања кои ги добивате.

Постојат неколку вида на авансни плаќања, две од најчестите се:

- вашето плаќање на social security, **и**
- Family Tax Benefit Part A.

**Други видови на авансни плаќања**

- Special Employment авансно плаќање—ви помага да плаќате за работи кои мора да ги имате кога започнувате да работите или ако сте започнале да работите и се уште не сте платени
- Mobility Allowance авансно плаќање, **и**
- Pharmaceutical Allowance авансно плаќање.

За повеќе информации за овие плаќања контактирајте го Centrelink.

## За да добиете авансно плаќање од вашето социјално плаќање вие треба да добивате едно од следниве плаќања

- ABSTUDY
- Parenting Payment (За партнери)
- Age Pension
- Parenting Payment (За поединци)
- Austudy Payment
- Widow Allowance
- Carer Payment
- Widow B Pension
- Disability Support Pension
- Wife Pension
- Newstart Allowance
- Youth Allowance.

## За да се квалификувате за авансно плаќање од вашето социјално плаќање на пензијата или бенефит вие мора да:

- примате пензија или бенефит најмалку 3 месеци
- должите на Commonwealth (ова не го вклучува Family Tax Benefit авансно плаќање)
- сте во состојба да го вратите авансното плаќање и да ви останат пари за вашите редовни двонеделни издатоци.

Кога ќе ги определувате редовните издатоци земете ги во предвид следниве работи:

- станарина или кредит за куќа
- храна
- отплата на кредити
- премии за осигурување на куќа, покуќнина, автомобил
- струја/гас
- телефон
- билети
- бензин
- лекови
- градинка
- училишни такси
- исплата на кредитни картички
- такси (земјиште, вода и канализација)
- облека, **и**
- забава.

## За да се квалификувате за авансни плаќања од вашиот Family Tax Benefit вам мора:

- да ви следува Family Tax Benefit Part A на две недели, во износ еднаков или двојно поголем од Family Tax Benefit авансното плаќање
- да не должите на Commonwealth (ова не го вклучува социјалното авансно плаќање).



Australian Government
Centrelink
giving you options
www.centrelink.gov.au

# Колку и колку често може да се добива авансно плаќање?

Износот на авансните плаќања е ограничен од најмалите и најголемите износи определени од видот и износот на плаќањата кои ги добивате од Centrelink. Контактирајте го Centrelink за да дознаете колку може да добиете.

Авансно плаќање е еднократен износ исплатен од вашето плаќање кое ви следува во иднина и се враќа од вашите двонеделени плаќања.

Бројот на авансни плаќања кои може да ги добиете за време на 12 месеци ќе зависи од видот на плаќањето кое го добивате и дали претходно сте добиле авансно плаќање.

| Вид на плаќање | Колку често ќе може да добивате авансни плаќања? | Кои се ограничувањата колку може да добиете? |
|---|---|---|
| Family Tax Benefit Part A | Може да добиете само едно авансно плаќање за време на стандардниот авансен период на исплата. Има два авансни периоди; 1 јануари до 30 јуни и 1 јули до 31 декември. | Износот на авасното плаќање се базира на половина од основата на Family Tax Benefit износот за деца под 18 годишна возраст.<br>Износот кој ќе го добиете ќе зависи од бројот на деновите останати од периодот на авансното плаќање. |
| Age Pension<br>Disability Support Pension<br>Carer Payment<br>Widow B Pension<br>Wife Pension | Износите може да се исплатат како енократно авансно плаќање, или да се исплатат во две или три авансни плаќања во 13 двонеделни периоди (шест месеци). | Најголемиот износ е во височина од тринеделен износ на основната највисока пензија плус дел од инзосот на додатокот на пензија.<br>Најнискиот износ е определен во износ најмногу од еднонеделна основна пензија плус додатокот на пензија.<br>Овие износи ќе бидат поврзани со покачувањата на пензиите за возрасни така што најмалото и најголемото авансно плаќање ќе го држи чекорот со покачувањата на пензиите секој март и септември. |
| ABSTUDY<br>Austudy Payment<br>Newstart Allowance<br>Parenting Payment (За партнери)<br>Parenting Payment (За поединци)<br>Widow Allowance<br>Youth Allowance | Еднаш во 12 месечен период. | Највисокиот износ е $500.<br>Најмалиот износ е $250. |

## Како се исплаќаат авансните плаќања?

Авансните плаќања се исплаќаат директно во истата сметка како и редовното плаќање од Centrelink.

Вие може да побарате авансното плаќање да се подели во 2 рати.

Може да побарате авансно плаќање на Family Tax Benefit како еднократно плаќање или да се исплати автоматски на почетокот на секој период на исплата на Family Tax Benefit; секој јануари и јули се додека ова плаќање ви следува.

## Како се враќаaат авансните плаќања?

Износот кој ви е исплатен како авансно плаќање мора да се врати. Износот ќе биде одземан од вашите двонеделни плаќања се додека да се исплати целосно.

Социјалните авансни плаќања се враќаат од 13 двонеделени плаќања, а авансните плаќања од Family Tax Benefit се исплаќаат за време на периодот за кој се плаќа Family Tax Benefit. Ако вашите плаќања запрат остатокот од авансното плаќање ќе биде долг кој ќе треба да го вратите.

## Барање за авансно плаќање

Може да поднесете барање на линија ако појдете на интернет страната на Centrelink на **www.centrelink.gov.au** или ако телефонирате на телефонот за самоуслуга на Centrelink на **13 6240**. Вие може да се јавите и на Centrelink на еден од телефонските броеви наведени подолу или да го посетите Centrelink.

## Друга помош ако сте во финансиски потешкотии или во кризна ситуација

Кога ќе се појават неочекувани трошоци или настане кризна ситуација, Centrelink може да ве упати да најдете помош во заедницата за помош во итни ситуации, совети за ракување со парите или да ви обезбеди Urgent Payment или Crisis Payment. Зборувајте со Centrelink за вашата ситуација за да дознаете каква помош е достапна.

## Да дознаете повеќе

| | |
|---|---|
| **Служби за вработување** | **13 2850** |
| **Служби за млади и студенти** | **13 2490** |
| **ABSTUDY** | **13 2317** |
| **Родител или старател** | **13 6150** |
| **Онеспособеност, болест и негуватели** | **13 2717** |
| **Постари** | **13 2300** |
| **Телефонска служба за домородно население** (достапна само во NT, Северен QLD и WA) | **13 6380** |
| **Односи со клиенти** | **Бесплатен повик™ 1800 050 004** |
| **За информации на други јазици** | **13 1202** |
| **Служба на Владата на Австралија за пријавување малверзации** | **13 1524** |
| **TTY* информации за плаќања** | **Бесплатен повик™ 1800 810 586** |

*TTY е наменета само за лица кои се глуви или кои имаат проблеми со слухот или говорот. Потребен е TTY телефон за користење на оваа служба.

| | |
|---|---|
| **Да закажете состанок** | **13 1021** |

**Важно:** Повиците на броевите кои започнуваат со ‘13’ од стандардните телефони може да се направат од било каде во Австралија по цена на локален разговор (цената на повиците може да зависи од телефонската компанија). Повиците на броевите ‘1800’ се бесплатни. Повиците од јавните говорници и мобилните телефони може да се наплатат по повисока цена.

## Оградување

Информациите во оваа брошура се точни во јули 2010, но може секако да се сменат. Ако ја користите оваа публикација после овој период проверете во Centrelink дали податоците се су уште точни.